| **РИТАМ НА ДЕНОТ (Предпладневна програма)**<br><br>10.00 – 12.00<br><br>понеделник – петок | Сервисни информации (УХМР/АМСМ), директни телефонски јавувања од прес конференции и промоции, најнови информации од спортот, Флеш вести, секојдневни рубрики:<br>- културен информатор<br>- совети за здрав живот<br>- каде се и што прават денеска<br>- иста бранова должина (соработка со колеги новинари од другите градови низ Републикава)... | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **ТОЧНО НАПЛАДНЕ** | Специјализирана | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(музичка**)<br>понеделник - сабота<br><br>12:00 – 13:00 | емисија за македонска музика. Промовирање на нови, млади изведувачи, нови синглови и албуми, разговори со гости во студио, директни јавувања од промоции, информации за случувања поврзани со домашната музичка сцена. | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **МАК ТОП 10**<br>**(музичка)**<br><br>среда<br>12:00 – 13:00 | Топ листа со македонска музика (се емитува веќе 20 години). Редоследот на листата се одредува според гласовите преку емаил. Оваа топ листа неколку години беше објавувана во печатените медиуми и на неколку интернет сајтови | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **БРОЈ 1 ХИТОВИ**<br>**(музичка)**<br>понеделник<br>13.00 – 14.00 | Преставување на првопласираните хитови на најзначајните светски топ листи. | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **АИРПЛАУ ТОП 10**<br>**(музичка)**<br>вторник<br>13.00 – 14.00 | Топ листа со преглед на највртените песни на фреквенциите на Радио 2. | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **РЕТРО ФЛЕШБЕК**<br>**(музичка)**<br>среда<br>13.00 – 14.00 | Потсетување на хитови што биле популарни токму на денешен ден пред точно 5,10.15,20,25 и 30 години | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **ЕВРОПСКИ ТОП 10**<br>**(музичка)**<br>четврток<br>13.00 – 14.00 | Преглед на 10-те најдаунлодирани и највртени хитови по европските радио станици | **Студио Г7** | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЏУБОКС НА РАДИО 2 (музичка)**<br><br>петок<br>13.00 – 14.00 | Секоја емисија е исполнета со 14 интересни и модерно аудио спакувани приказни за создавањето на секоја песна. | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **ВОЗЕЊЕ СО РАДИО 2 (контактно – забавна)**<br><br>понеделник – петок<br>14:30 – 17:00 | Сервисни информации за состојба на патишта,најава за дневни и вечерни настани, вклучување соговорници, актуелни информации и занимливости | **Студио П4** | Сопствено производство |
| **КУЛТУРЕН ИНФОРМАТОР (контактно – забавна)**<br><br>понеделник – петок<br>17:00 – 18:00 | Најнови информации за настани од културата кај нас и во светот, најава за театарски претстави, оперски изведби, гостување на солисти, концерти, промоции на книги, ликовни изложби и сл. | **Студио Г7** | Сопствено производство |
| **ВИКЕНДИЧКА (Викенд програма) контактно – забавна**<br><br>**сабота и недела**<br>**09.00 – 12.00** | Актуелни информации за настани што се случуваат во деновите од викендот, директни јавувања од настани, занимливости, сервисни информации (УХМР/АМСМ) | Студио П4 | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АЛБАТРОС (музичка)**<br><br>**сабота и недела (19.00 – 20.00)** | Емисија посветена на евергрин музика. Каде се и што прават некогаш познатите пејачи и групи (македонски и екс ЈУ) кои познати музичари се родиле на денешен ден... | Студио Г7 | Сопствено производство |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**
**ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**
**Одговорен уредник: Аки Мустафа**

Во прилог се дадени сите реализирани програмски содржини во 2021 година, квалитативно и квантитативно.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Трет програмски сервис на МР како дел од македонското радио во текот на оваа година ги реализираше сите програмски потреби и планира програмската шема да ја прилагоди во новата систематизација на работните места и нови емисии така што ќе биде најслушан сервис во регионот и пошироко што е целта на сите вработени во сервисот.

**КАПАЦИТЕТ НА СЕРВИСОТ**

Трет програмски сервис на МРА емитува програма на Албански јазик, функционира со 25 вработени кои со успех ги покриваат потрбите на програмската шема.Од техничкиот дел не сме задоволни бидејќи работиме со стари компјутери и диктафони, но имаме проблеми со предавателите и се надеваме дека во најкраток период ке се реши проблемот. Кадровски не сме лошо но треба да мислиме да го решиме статусот на ангажираните на авторски договор и нови вработувања затоа што многу одат во пензија.

**ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТ**

Трет програмски сервис на МРА има конкретен план за новата програмска шема со поставување на нови емисии, рубрики со нов дизајн и со нови шпици на програмите и редакции што ги добив од уредниците но и наши консултанти (поранешни уредници и новинари што се во пензија) и ги прифативме како позитивни предлози и мислиме дека ќе влиаат на слушаноста на сервисот.Програмата на албански јазик има и конкретен предлог за програмска шема за 24 часа.Очекуваме што побрзо да се донесе новиот закон за медиумите и да пристапиме кон оформирањето на новиот облик на програмата на албански јазик. Очекуваме да има нови вработувања

## <u>ИНОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК</u>

### ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА

Дневната редакција функционира со успех покривајќи ги сите настани во земјата со новинари кои се обучени сами да снимат да монтират и да известуваат од настани и тие работат во две смени и ги припремаат вестите за утринска и за попладневна програма.

### РЕДАКЦИЈА ЗА ЕКОНОМИЈА

Редакција за економија и претпримаштво ги следи сите настани од економијата,банкарството,туризмот ,со прилози за цекојдневните настани со рубрики но и со емисијата "**економија и пазар"** што се емитува секоја среда од 9 и 30 до 10.00 со експерти од економијата и е контактна емисија.

### РЕДАКЦИЈА НА УТРИНСКА ПРОГРАМА

Утринската програма е најдинамична со водители во живо и секој ден се емитува од 6. 00 до 10 и 30 минути.Утринската има многу рубрики почнувајќи од **рубриката на денешен ден,детско катче,наш гостин, берза, афоризми, доктор ве советува, најнови настани на интернетот, од нашата архива, берза и друго.**

## <u>КУЛТУРНО- ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК</u>

### ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА

Образовната редакција ги следи настаните од областа на образованието, проблемите, воспитувањето, со вклучени експерти во редовната емисија што се емитува секој вторник од 9 и 30 минути до 10 .00.Новинарите ги следат и дневните настани за информативната програма, се разбира за дневник но и за вести.

### КУЛТУРНА РЕДАКЦИЈА

Културната редакција ги следи сите културни настани во земјата и пошироко со рубрики и со новите Радио Драми емисиите "**културен мозаик"** ,"**отворен микрофон**","**со естрадните уметници","културен агол" "Нејзината штикла„, "Трагови на животот''** и верската емисија „**Светлина на животот„**,така што новинарите припремаат и прилози за утринска и за вести.

### ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА

Документарната редакција снима документарни емисии, репортажи така што се предвидени нови документарни емисии и треба повеќе патувања за да ги реализираме

предлозите од документарната така што нашите слушатели ќе ги слушат секоја сабота и среда по 30 минути.

**ЗАБАВНА РЕКРЕАТИВНА ПРОГРАМА**

За да ја усовршиме нашата програма како јавен сервис во текот на годината се планира реализирање на нови емисии,а за тоа ќе бидат потребни технолошки и кадровски засилувања.

Рекреативно-забавната програма функционира со четири редакции: музичка, спортска, детска и ноќна редакција.

**МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА-**

–освен музиката која се емитува на програмата, и покрај музичките емисии кои се со топ листи народни и забавни, веќе се реализира специјална музичка емисија со странски хитови „ **Мега хитови**„ со водител кој течно зборува странски јазик.

Од оваа година .место емисијата Поинаку почнавме со емитување на новата репкреативно забава емисоја Радио Микс

Нашата програма ќе продолжиме да ја освежиме со новите рубрики

„ **Од фонотеката на радио Скопје**„ каде се емитуваат старите песни, и бидејќи нашата фонотека е многу богата со песни може да се продолжи и подолгорочно, а освен музиката ќе се презентира и текст за секој пеач и податоци за песната.
Се планира да се реализираат емисии „**За класична музика** „ а исто така и емисии со народен фолкор опфаќајки карактеристики од различни региони од нашава земја
„**Да пееме заедно**„ –30 минутна емисија која ќе се реализира и на терен за да можеме од близу да се запознаеме со фолклорот од одреден регион.
За поуспешна и поквалитетна програма потребно е да се соработува со музички институции ,склучување договори за диретно пренесување на радиопрограмата , следење и известување од најпознатите фестивали и други манифестации

Во 2019 година е потпишана соработка со Институтот за духовно наследство на Албанците за дигитализација и документација на сите документарни емисии и музичкиот дел од нашата фонотека за да го поседуваат во нивната архива за истражување и специјализирање на идните кадри.

**СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА**

Се планира да се реализираат нови рубрики „**Минути за спортот**„ што ќе се емитува во петок, а ќе бидат обфатени најважните спортски настани кое ќе следат за викенд . Рубриките да траатод 5 до 10 минути , а во рамките на тие минути да се информира за спортот во нашава земја и во странство, но се планира и кратки изјави или разговори за најважните спортски случувања.

Нова рубрика со наслов „**Малите шампиони**„ исто така е потребно за програмата каде би ги поттикнеле и помладите спортисти за нивниот успех или за нивната активност во спортот.Редовната емисија „Спортски викенд „ која се емитува во живо секоја недела ќе продолжи со тој ритам , а исто така и спортките прилози за информативните емиси ќе продолжат да се реализираат.

**НОЌНА РЕДАКЦИЈА**

Како нов проект се планира и ноќна емисија со наслов „**Ноќен бисер** „ која ке се реализира со гостин во студио .Во рамките на оваа емисија предвидено е да се повикаат еминентни гости, претежно од музичката естрада, но и од другите професии.

Емисијата како и другите ноќни емиси ќе биде со водител и отворена за слушателите за да можат и тие да се вклучуваат директно во програмата и да поставуваат прашања за гостинот Ноќен бисер.

Другите ноќни емисии кои се со разни теми од секојдневието и со топ листи од народната и забавната музика ќе продолжат да се емитуваат во живо како и до сега, со директни телефонски вклучувања на програмата , со пишување на смс пораки или со пораки на нашата веб страница.

**ДЕТСКА РЕДАКЦИЈА**

И во овој дел од програмата потребно е освежување се нови **Радио драми за деца,** снимања на некои драмски дела или соработување и размена на материалите и со други медиуми и институции.

| | | |
|---|---|---|
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК** | | |
| | | |
| I-Редакција на дневни информации на албански јазик на Третиот Сервис на МРА | | |
| 1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА | | |
| Вести | се емитуваат во 10:00 ; 18:00 | Сопствено производство |
| Флеш вести | во 07:00 и 24:00 | Сопствено производство |
| Радио дневник | во 09:00 ; 16:00 ; 21:00 | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| 2- РЕДАКЦИЈА ЗА ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА | | |
| Поинаку | 60 минутна | Сопствено производство |
| Отворен микрофон | 30 минутна | Сопствено производство |

| | | |
|---|---|---|
| Аргумент | 60 минутна | Превземен од втор програмски сервис |
| Летно освежување | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| | | |
| 3 -РЕДАКЦИЈА ЗА СТОПАНСТВО, ПРЕТПРИЕМАШТВО И МЕНАЏМЕНТ | | |
| Економија и пазар | 30 минутна | Сопствено производство |
| Туризам и бизнис | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| 4-УТРИНСКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Отворена уртинска програма | Од 6:00- 10:30 – 190 минутна | Сопствено производство |
| Историски календар | 10 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| | | |
| **II-КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | | |
| 1- РЕДАКЦИЈА ЗА КУЛТУРА | | |
| Културен мозаик | 30 минутна | Сопствено производство |
| Нејзината штикла | 30 минутна | Сопствено производство |
| Радио Драми | 20 минутна | Добиени од Радио ртк |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2- РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | | |
| Образование и едукација | 30 минутна | Сопствено производство |
| Игра на Буквите | 15 минутна | Сопствено производство |
| Верска емисија | 30минутна | Сопствено производство |
| **3.ДОКУМЕНТАРНА** | | |
| | | |
| Документрана емисија | 30 минутна | Сопствено производство |
| Трагови на животот | 30 минутна | Сопствено производство |
| Од нашата архива | 30 минутна | Сопствено производство |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **III –ЗАБАВНА РЕКРЕАТИВНА  ПРОГРАМА** | | |
| 1-ЗАБАВНА СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Спортско неделно попладне | 60 минутна | Сопствено производство |
| Мали шампиони | 15 минутна | Сопствено производство |
| 2- МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Народна музика | | Сопствено производство |
| Забавна музика | | Сопствено производство |
| Сериозна музика | | Сопствено производство |
| Фолклорна музика | | Сопствено производство |
| Детска музика | | Сопствено производство |
| **Златни години** | | Сопствено производство |
| **Со доајените на забавна** | | Сопствено производство |
| **Со доајените на народна м** | | Сопствено производство |
| ДЕТСКА РЕДАКЦИЈА | | |
| Од цвет до цвет | 45 минутна | Сопствено производство |
| Детски Приказни | 10 минутна | Сопствено производство |
| Радио Драма за деца | 10 минути | Од ртк |
| | | |

| СОДРЖИНИ РЕАЛИЗИРАНИ СО РК | | |
|---|---|---|
| | | |
| СНИМАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ | | |
| МУСЛИМАНСКА НОВА ГОДИНА- | | |
| РАМАЗАН БАЈРАМ | | |
| ДЕНОВИ НА НАИМ ФРАШЕРИ | | |
| КУРБАН БАЈРАМ | | |
| ДЕНОТ НА АЛБАНСКОТО ЗНАМЕ | | |
| БЛЕТЕЗАТ-фестивал за деца | | |
| ВИНОЖИТО-фестивал за деца | | |
| Шара пее - фолклорен фестивал | | |
| Денови на културата - Тетово | | |
| Нота фест - забавен фестивал | | |
| Звуците на Чаршијата - манифестација | | |
| Поводни концерти и свечени академии | | |
| Ден на албанската азбука | | |
| Струшко лето | | |
| | | |
| Денот на Асном | | |
| | | |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**
**ЧЕТВРТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МРА**
**ПРОГРАМА НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
**Уредник на Програмата на Турски Јазик - Зубејда Ахмед**
**Уредник на Редакцијата на Блашки – Зоран Митров**
**Уредник на Редакцијата на Ромски – Северџан Абдула**
**Уредник на Редакција на Бошначки Јазик – Сабина Смајовиќ**
**Урденик на Редакција на Српски Јазик**

Четвртиот програмски сервиѕ е програмски сервис на кој треба да се емитуваат програмите на помалите етнички заедници. Од 2020 година требаше Програмата на Албански јазик да емитува 24 часа на Третиот програмски сервис, а помалите етнички заедници 24 часа да се емитуваат на Четвртиот програмски сервис. Поради проблемот со фреквенцијата и со студиото, програмата на помалите етнички заедници се уште се емитува на Третиот програмски сервис .

ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Програмата на Турски Јазик започна да се емитува од 28 Декември 1945 година . Како најстар медиум на Турски јазик во МРА се опфатени актуелни содржини со прорамската шема и радиото има голема слушанот од страната на турската популација. Во 2021 година Четвртиот програмски сервис на МРА фунционираше во согласност со препораките дадени од старaната на Владата на Р.Северна Македонија.Со многу мал број на вработени во Програмата на турски јазик,вработените се поделени на групи по редакциите и успешно си ги извршуваат работните задачи. Во тек на пандемијата со Covid – 19 во 2021 година со големи напори, предвидените емисии и рубрики се реализира 80% .Во текот на пандемијата не се реализираше детската емисија„ Рака за Рак„ ,неколку месеци „Хумор и Сатира„ и контактната емисија „Заедно со вас„ со време траење од 30 минути не се емитуваше.. Во Програмата на Турски јазик во минатото имаше 29 редовно вработени и имаше и голем број на хонорарци. Сега моментално заедно со уредникот на програмата работаат само 6 новинари каде што имаме големи проблеми.Тука сакам да напоменам дека Програмата со години наназад е без музички новинар. И во светски и во наши стандарди музичкиот придонес е 70% од програмата.Од областа на музиката ни се јавуваат секојдневни проблеми. Има потреба под итно да се вработаат новинари по редакциите и музички новинар во Програмата на турски јазик.Се надевам дека овој постоечки проблем ке биде решен во најкраток период. Јас Зубејда Ахмед како Уредник на Програмата на Турски јазик со договор со ТИКА пред 13 години добив донација комјутери, принтер, диктафони, бироа, столици и темелно реновирање на студиото на Трет програмски сервис. Во 2021 година повторно добив донација еден компјутер на којшто снимаме и монтираме ние од Програмата на Турски јазик. Новинарите од останатите етнички заедници учествуваа на организираниот курс од страната на BBC во МРА и сега сами снимат и сами монтираат.

**Програмата на Турски јазик се состои од Три редакции:**

**1.Иформативна –Документарна редакција**
**Уредник на Редакцијата – Зејнеп Хусејин**

**Образовна - Културна Редакција –нема уредник**

**Забавно –Музичка Редакција - нема уредник**

| | **Име на емисијата** | **Содржина** | **емитување** |
|---|---|---|---|
| 1 | **ВЕСТИ** | Актуелни вести од земјата и светот-сопствено производство | Се емитува секој работен ден во 11:00 –од 10 до 15 минути |
| 2 | **ВЕСТИ** | Кратки вести – сопствено производство | Се емитува секој работен ден во 13:00 до 10 минути |
| 3 | **ВЕСТИ – ДНЕВНИ НАСТАНИ** | Актулени вести од земјата и светот со прилози со изјави -сопствено производство | Се емитува од понеделник до Петок во 15:00 часот - 25 минути |
| 4 | **„Седум Дена во Сбрание„** | Во емисијата се опфакаат збиднувањата на Собранието на Р.С.македонија – сопствено призводство. | Емисијата се емитува секој Петок во 11:45 часот – 10 до 15 минути. |
| 5 | **„Политички Смерници„** | Во емисијата се опфакаат политичките збиднувања во земјата, посебно мсто се дава за политичарите од Турските Партии и соработката меѓу Р.С.Македонија и Р.Турција –сопствено произвоидство | Емисијата се емитува секој Понеделник во 11:45 часот од 10 до 20 минути .почесто се реализира во живо – 50 минути. |
| 6 | **„Од Светот на Економијата„** | Се опфакаат збиднувањата од економско поле од земјата и соработките со другите земји.посебно место зема и Туризмот и малите претприемништва и фирмите од Р.турција што работат во земјата. | Емисијата се емитува секој Вторник во 12:15 часот од 10 до 20 минути.со репотажи и когасе реализира во живо – 50 минути. |
| 7 | **„Прозорец Кон Светот„** | Во емисијата се опфаккат актуелните збиднување во светот. | Се емитува секој Понеделник во 12 :15 часот -10 до 15 минути. |
| 8 | **„Од Светот на Верувањето„ верска емисија** | Во емисијата се опфаќаат теми од Исламската вера<br>Посебни значење се дават за голеите 4 ноќи во текот на годината , за месец Рамазан, за Рамазан Бајрам и Курбан Барам,за Хаџиликот и за Умре. | Емисијата се емитува секој Четврток во 12:00 часот .емисијата е конткатна се реализира во живо –60 минути |
| 9 | **„ОТВОРЕН МИКРОФОН„** | Емисијата се рализираа во живо- Сите новинари по редослед од свите области со актулена тема подготува разговори во студио. | Емисијата се емитува секоја Сабота во 12:00 часот -6 минути |

**ИНФОРМАТИВНА – ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА**

**Ова редакција функционира со успех .Ги покриваме сите актулени настани во земјата и светот.**

## КУЛТУРНО – ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА

**Поради намелениот број на новинари се појавуваат секојдневни проблеми.Со голем напор се опфаќаат актуелните теми во образовниот сектор и во областа на културата.**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| 1 | **„Образование Воспитување и Настава„** | Се опфаќаат актуелните теми од областа на образованието во земјата и соработката со Р.Турција .се рализираат разговори со претпоставените во министерство за обаразование и наука Р.С.Македонија. разговори со директори од основниоте и средните Турски училиште од приватните Турски училиште од Р.Турцја во македонија,разговори се Ректорите на универзитетите и друго. | Емисијата се емитува секој Вторник од 11:45 часот – од 15 до 20 минути.Емисијата почесто се рализира во живо – 40 минути |
| 2 | **„ Рака за Рака„ детска емисија** | Поради пардемијата не се реализира | Емисијата се емитува секоја Сабота во 11:30 се емитуваше во живо- 30 минути. |
| 3 | **„ Примери од Културното Наслетство„** | Емисијата ги опфака збиднувањето од културното поле во земјата –сопствено производство | Емисијата се емитува секја Среда во 11:45часот –од 10 до 15 минути.Кога се емитува во живо до 40 минути |
| 4 | **„На Денешен Ден„** | Сопствено производство | Се емитува од Понеделник до Петок во 14 :30 часот – 5 минути |
| 5 | **„Одјек од Цивилното Општество„** | Во емисијата се опфакаат актуелните збиднување на НВО во Р.С.Македонија и соработката со Р.Турсција. се рализираат разговори со претседателите на НВО за реализираните проекти . Се опфакаат и теми од НВО и од Европските јемји сто соработуваат со Р.С.Македонија | Емисијата се емитува секоја Среда во 12:20 часот –од 10 до 20 минути во живо до 40 минути. |
| 6 | **„ Поздрави Желби„** | Поради Пандемијата емисијата не се реализира | Емисијата се рализира во живо по телефонски врски од Понеделник до Петок во 13:30 часот -30 минути |

## ЗАБАВНО МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА

**Постоечкиот проблем без музички новинар долги години се појаввуваат проблеми во ова редакција.Крајно е да се реши овој проблем.Техничарите ја пуштаат музиката поради тоа во програмата повеке пати се емитува истата музика.**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| 1 | **„Музика и Разговори„** | 60 минутната контактна емисија ги опфака нај актуелните збиднување со младите и возрасни - средношколци,студенти. писатели.поети,музичари, пеајчи,глумци каде што гоствуваат на програмата вoживо. Често пати се поврзуваме и со Р.Турција и преку телефонски врски се реализираат разговори во живо.сопствено приозводство | **Емисијата се емитува секоја Недела во 14 :30 часот -60 минути** |
| 2 | **„ ХУМОР и САТИРА„** | 60 минутна емисија во живо. Во текот на Пандемијата емисијата се емитуваше и снимено. | **Емисијата се емитува секоја Недела Во 13:00 часот – 6 минути.** |
| 3 | **Народна Музика** | | **Сопствено производство** |
| 4 | **Забавно Музика** | | **Сопствено призводство** |
| 5 | **Фолклорна музика** | | **Сопствено производство** |
| 6 | **Сериозна музика** | | **Сопствено присводство** |
| 7 | **ТОП 10** | Се бира најнова музика и со слушателите се бира песна на неделата | **Емисијата се емитува секаја Сабота во 14:30часот- 60 минути** |

**РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| 1 | **Вести и други содржини** | Сопствено призводство | **Се емитува секој ден** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 18:30 часот 30 минути** |

**РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| | **Вести и други содржини** | Сопствено призводство | **Се емитува секој ден во 19:00 часот 30 минути** |

**РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| | **Вести и други содржини** | Сопствено призводство | **Се емитува секој ден во 19:30 часот – 30 минути** |

**РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| | **Вести и други содржини** | Сопствено призводство | **Се емитува секој ден 20:00 часот – 30 минути** |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**
**РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ И ПОСЕБНИ РАДИО ПРОГРАМИ – РАДИО МАКЕДОНИЈА**
**Одговорен уредник Јошко Бошковски**

**Радио програмски сервис – САТ на МРА - Радио Македонија:**

**Радио Македонија има три сегменти:**

**1.** Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски). Оваа програма е информативно политичка со акцент на актуелните случувања во РМ, со прилози на различни теми кои ја афирмираат Македонија.

**2.** Програма за иселениците и граѓаните на РМ во соседните земји, во Европа и на другите континенти (дијаспора). Оваа програма со сопствена оригинална продукција има врвен приоритет да ги информира нашите иселеници. Основна мисија: Мост меѓу татковината и дијаспората, "Глас од татковината".

**3.** Сателитската програма на Македонското радио. Се емитува 10,30 часа секој ден освен во недела.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДРЖИНИТЕ** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ** | **ВИД НА ПРОДУКЦИЈА** |
|---|---|---|---|
| **Програмски сервис Радио Македонија** | | | |
| **I-** Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски) | | | |
| **1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА** | | | |
| | | | |
| **Вести**<br>30 минути-целогодишна динамика - емисија на бугарски јазик | Се емитуваат во 20.00 | Снимена | Сопствено производство |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на грчки јазик | Се емитуваат во 20.30 | Снимена | Сопствено производство |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на албански јазик | Се емитуваат во 21.00 | Снимена | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика - емисија на српски јазик | Се емитуваат во 21.30 | Снимена | во недостаток на кадар се реемитуваат прилози од Редакцијата на немнозиските заедници на третиот сервис – програма на српски јазик) |
| **1-1- МУЗИЧКО ГОВОРЕН МОЗАИК** | | | |
| 120 минути целогодишна динамика – секоја сабота | Се емитува од 20.00 до 22.00 часот (Мозаична емисија, актуелни теми од сите сфери на општественото живеење) | Снимена | Сопствено производство |
| **2- РЕДАКЦИЈА ГЛАС ОД ТАТКОВИНАТА** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **Глас од татковината**<br>Емисија со соговорници на теми преку кои се афирмираат македонските вредности од сите области со вклучувања на слушатели од земјата и дијаспората.<br>210 минути, целогодишна динамика | | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината**<br>се емитува во понеделник | Афирмација на музичките, религиозните и успесите на младите автори и научници. Најголемиот дел од разговорите се истражувачки во смисол на историските корени на музиката и религијата. | Живо | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Глас од татковината** се емитува во вторник | Гостуваат луѓето од областа на театарот, туризмот и спортот покрај афирмацијата на актуелните успеси водителот има обврска да ги истражува историските корени на македонскиот театар, археолошките вредности на Македонија и историјата на спортот. | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината** се емитува во среда | Ја истражуваме македонската литература каде што се поканувaат успешни автори и научници да зборуваат за вредностите на македонскиот јазик и неговите корени. | Живо | Сопствено производство |
| | | | |
| **Глас од татковината** се емитува во четврток | Ги истражува корените на македонската филозофија, социологија и наука, со афирмација на актуелните постигнувања на македонските актери во овие дисциплини. | Живо | Сопствено производство |
| **Глас од татковината** се емитува во петок | Се истражува историјата и археологијата на Македонија со | Живо | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | афирмација на најновите дела од македонските автори и најновите откритија на македонската археологија. | | |
| **Глас од татковината** се емитува во сабота | Се презентираат и афирмираат делата кои говорат за културните, научните и спортските успеси на Македонија денес и во минатото. | Живо | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **САТЕЛИТСКА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО** | | | |
| | | | |
| **Програма 10 часа и 30 минути** целогодишна динамика | | | Сопствено производство |
| Забелешка: Емисијата „Глас од татковината“ поради технички недостатоци делумно се емитуваше во снимена форма. | | | |

Претседател на Програмски совет на МРТ

-------------------------------------------------

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац

**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

**Скопје, Март 2022 година**

1. ВОВЕД ........ 3
2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ........ 94
3. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ ........ 5
4. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ ........ 6
4.01 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ ........ 6
4.02 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ ........ 6
5. БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА ........ 7
5.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ........ 7
5.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА ........ 9
6. РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА ........ 10
6.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ........ 10
6.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ ........ 102
6.03 Трошоци на вработените ........ 11
6.04 Патни и транспортни трошоци ........ 12
6.05 Заеднички трошоци ........ 104
6.06 Програмски права ........ 107
6.07 Останати трошоци од работење ........ 108
7. ИНВЕСТИЦИИ ........ 109
7.01 Инвестиции во опрема ........ 109
8. АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2021 ГОДИНА ........ 109
9. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2021 ГОДИНА ........ 114
10. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ ........ 116
11. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО ........ 116
11.01 Побарувања од купувачите во земјата ........ 116
11.02 Побарувања од купувачите во странство ........ 117
12. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12. 2021 ГОДИНА 118

# 1. ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата која се емитува на програмските сервиси опфаќа емисии од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна, играна програма како и програма со музичко - забавни содржини.

Во анализираната 2021 година, програмата на Македонската радио телевизија се емитуваше преку три радио и осум телевизиски канали на македонски јазик, на албански јазик и на јазиците на немнозинските заедници во РСМ и тоа на турски, ромски, влашки, српски и бошњачки јазик.

Имено, до првиот квартал од 2020 година, МРТ успешно ја реализираше својата дејност преку еден телевизиски и два радио програмски сервиси на македонски јазик, како и преку еден телевизиски и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Меѓутоа, почнувајќи од месец април 2020 година па наваму, освен на горенаведените РА и ТВ канали, ЈРП МРТ започна со емитување на својата програма на уште три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на јазиците на етничките заедници (турски, ромски, влашки, српски и бошњачки) и МТВ 5 наменет за детска програма, а во истиот период постоечкиот Втор ТВ програмски сервис на албански јазик својата програма започна да ја емитува со 24 часовно дневно времетраење. Исто така, во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 –кој ќе емитува радио програма на помалите етнички заедници во РСМ.

Што се однесува пак на информирањето на иселениците а со цел зачувување на културните и историските традиции и унапредување на врските со македонските граѓани кои живеат во дијаспората, програмата беше реализирана преку посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа и посебни радио програми за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а

кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. МРТ обезбедува и посебни радиопрограми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици.
Со емитување на програма со 24 часовно времетраење, МРТ обезбеди и најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис, преку сателит и / или интернет преку сопствена мултимедијална видео платформа, наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.
ЈРП МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот на Собранието на РСМ.

## 2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Македонската радио телевизија има статус на јавно претпријатие чиј основач е Република Северна Македонија, а работи на начин и услови утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Органи на управување во ЈРП МРТ се:

- Програмски совет – составен од 13 члена
- Надзорен одбор – составен од 7 члена
- Директор и заменик на директорот.

Согласно член 117 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и разрешува Собранието на РСМ.
Согласно член 125 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Надзорниот одбор на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.
Согласно член 130 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот и заменикот на директорот на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ за период од три години со можност за повторен последователен избор.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ

Работата во јавното претпријатие Македонска радио телевизија се одвива според следната организациона структура:

- Директор и заменик на директорот
- Македонско радио
- Македонска телевизија
- Музичка продукција
- Заеднички функции






## 4. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2021 год. изнесува вкупно 704 лица, што е помалку за 9 лица или 1,3% во однос на состојбата на 31.12.2020 година.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

| состојба на | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 1 | 26 | 301 | 20 | 326 | 0 | 29 | 10 | 713 | |
| | | | | | | | | | | |
| 31.12.2021 | 1 | 38 | 323 | 11 | 307 | 0 | 21 | 3 | 704 | -9 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| структура 31.12.2021г. (%) | 0.1 | 5.4 | 45.9 | 1.6 | 43.6 | 0.0 | 3.0 | 0.4 | 100.0 | -1.3 |

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ**

| состојба на | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2020 | 503 | 144 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 713 | |
| | | | | | | | | | | | |
| 31.12.2021 | 489 | 148 | 26 | 21 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 704 | -9 |
| структура 31.12.2021г. (%) | 69.5 | 21.0 | 3.7 | 3.0 | 0.9 | 0.7 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -1.3 |

Во текот на 2021 година во ЈРП МРТ имаше 26 нови вработувања (15 лица со ССС, 10 со ВСС и 1 Магистер) и тоа: 8 новинари, 2 стручни соработници, 5 сниматели камермани, 1 спикер, 1 снимател на тон, 1 оператор на програма, 1 техничар-оператор на линкови, 5 техничари и 2 пожарникари.

Во истиот период вкупно 37 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ од кои по основ на стекнување на правото за пензионирање заминати се 26 лица и тоа: 4 новинари со ВСС, 2 стручни соработници со ВСС, 2 референти со ССС, 1 снимател на тон со ССС, 1 ассистент продуцент со ССС, 1 продуцент со ССС, 1 техничар во Логистика со ССС, 1 заменик на директорот на МРТ со ВСС, 1 снимател-камерман со ССС, 2 техничари со ССС, 1 манипулативен работник со ССС, 3 уредници со ВСС, 1 раководител на одделение со ВСС, 1 пожарникар со ССС, 1 дизајнер на светло со ССС, 1 техичар во ТВ Техника и 1 техничар во РА Продукција со ССС . Во инвалидска пензија заминат е 1 манипулативен работник со ССС. Во истиот период починати се 6 лица.

Неплатено отсуство од работа во траење до 3 месеци користеле 6 лица од кои, поради тоа што не се вратени на работното место во определениот рок, 3 лица добија отказ на Договорот за вработување без отказен рок, 1 лице е вратено на работното место во дадениот рок, додека на останатите двајца сеуште им трае неплатеното отсуство од работа.

Две лица се заминати од работа со спогодбено раскинување на Договорот за вработување а едно лице, поради недоаѓање на работа повеќе од три дена, заминато е со отказ на Договорот за вработување без отказен рок.

## 5. БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА

### 5.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Во 2021 година ЈРП Македонска радио телевизија по сите основи оствари приход во вкупен износ од  979.562.421 денар. Поединечно по видови на приходи остварувањата се следните:
Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (сл.весник 132/17) основен извор на финансирање на тековното работење се средствата за финансирање на радиодифузна дејност кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ. Во 2021 година по овој основ беше планиран приход во износ од 894.000.000 денари. Но, наместо планираните 74.500.000 денари на месечно ниво, МРТ добиваше по 55.875.000 денари. Подоцна во текот на втората половина од годината, со ребалансот на Буџетот на РСМ, средствата за финансирање на радиодифузна дејност беа дополнети со вкупно 210.000.000 денари од кои на МРТ и беа исплатени 156.450.000 денари. Така вкупните приходи по основ на финасирање на радидифузна дејност кои МРТ ги доби во 2021 година изнесуваат 826.950.000 денари. Овие средства (иако драстично намалени) беа основа за покривање на трошоците од целокупното работење на МРТ и тоа, за финансирање на РА и ТВ програмските сервиси (постоечките и новоотворените), Собранискиот канал и посебните програми, потоа за сервисирање на обврските создадени по основ на набавка, создавање и емитување на програма - филмска, спортска, забавна, играно документарна и останата програма, за одржување на објектите и постоечката опрема како и за набавка на нова опрема неопходна за непречено одвивање на работењето, набавка на стоки и услуги, работи, трошоци за вработените и слично. Во овој контекст потребно е да се нагласи дека споменатото континуираното намалување на средствата за финансирање на радиодифузна дејност и непочитување на Законот за ААВМУ од страна на државата, всушност се провлекуна неколку години наназад, односно од укинувањето на радиодифузната такса и наместо законски определениот износ од 1% (почнувајќи од 2021 година) од реализираните вкупни приходи во државата во годината која предходи на фискалната година за која се утврдува износот, средствата кои МРТ ги добива во споменатиот период се далеку под сите законски утврдени износи и согласно информациите за годишна реализизација на буџетот на ниво на држава достапни на ВЕБ страната на Министерството за финансии, средствата за финансирање на радиодифузна дејнот кои и се кратат на МРТ се движат во износ од околу 10 милиони евра или околу 600.000.000 денари на годишно ниво. Ова е сериозен проблем со кој се соочува куќата и овој континуиран недостиг на финансиски средства предизвикува потешкотии во тековното работење, го доведува во прашање сервисирањето на застарените долгови, дигитализацијата на радиото, производство и набавка на нови програмски содржини а како најзначано и спроведувањето на петгодишната стратегија за развој која е работена по највисоки стандарди и во соработка со експерти од ЕУ и ЕБУ. Освен намалените финансиски средства, свое влијаение врз работата на јавниот сервис имаше и состојбата

со корона вирусот која започна во 2020 година а потоа со нешто понамален интензитет продолжи и во 2021 година. Но, споредбено со 2020 година, во анализираната 2021 година рестриктивните мерки беа намалени и во рамки на тековното работење се создаваа услови за постепено зголемување на обемот на понудени програмски содржини, иако со намалени финансиски средства, сепак МРТ како јавен сервис, даде свој значителен придонес во задоволување на потребите на слушателите и гледачите и успешно ја прилагодуваше програмската шема на новонастанатата состојба. Акцент беше ставен на образовната – училишна програма, потоа на информативната програма преку емитување на информативни емисии од сите актуелни случувања во земјата и светот особено во врска со состојбата со корона вирусот, а беа откупени права за емитување на филмска, играна програма и детски анимирани серии и се разбира, покрај останатите, беа откупени и емитувани и најзначајните спортски настани во 2021 година како ЛОИ и UEFA EURO - првенство во фудбал.

Намаленото негативно влијание на корона вирусот во 2021 година, придонесе за намалување и на превентивните мерки во земјите во светот поради што беше дозволено одржување на претходно одложените од безбедносни причини настани, но и одржување на нови настани и манифестации од најразлични области, забавни, кутурни, спортски, евровизија и слично, а тоа пак, споредбено со изминатата 2020 година, влијаеше на зголемување на приходот по основ на продажба на рекламно време во рамки на програмските содржини кои се емитуваа на програмите на МРТ во 2021 година па така, по основ на продажба на рекламно време – маркетинг услуги остварен е приход во вкупен износ од 40.726.708 денари.

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор/закупнини изнесува 277.846 денари, по основ на продажба на програма и донации во опрема 273.157 денари а по основ на наплатени средства како резултат на судски одлуки донесени во корист на МРТ остварувањето изнесува 2.983.503 денари.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 3.030.536 денари или 0,3% во однос на вкупно остварените приходи во 2021 година.

Останати деловни приходи е ставка која опфаќа приход по основ на камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи остварени во анализираниот период но по основ на склучени договори во минати години, вредносно усогласување по основ на РДТ, меѓутоа, во овој анализиран период најголем обем од остварените приходи се однесуваат на приходи по основ на отпис/укинување на резервацијата за пресметана камата за ММИ по основ на

склучена спогодба, а која камата претходно беше искажана како резервиран трошок на ЈРП МРТ во Извештајот за реализација на финансиот план за претходната 2020 година како и на приходи по основ на данок на добивка и данок на додадена вредност кои од репрограмиран долг се пренесени во вонбилансна евиденција. Оваа ставка бележи вкупна реализација во износ од 105.320.671 денар.

## 5.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи во 2020 г. | Планирани приходи во 2021 г. | Остварени приходи во 2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџет на РСМ | 856,750,000 | 894,000,000 | 826,950,000 | 96.5 | 92.5 | 84.4 |
| Закупнини | 301,594 | 500,000 | 277,846 | 92.1 | 55.6 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,069,256 | 3,000,000 | 2,228,928 | 107.7 | 74.3 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 103,440 | 2,000,000 | 801,608 | 774.9 | 40.1 | 0.1 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години) | 24,271,529 | 18,500,000 | 105,320,671 | 433.9 | 569.3 | 10.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 779,151 | 1,500,000 | 2,983,503 | 382.9 | 198.9 | 0.3 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 7,126,770 | 100,000,000 | 40,726,708 | 571.5 | 40.7 | 4.2 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 786,431 | 3,000,000 | 273,157 | 34.7 | 9.1 | 0.0 |
| Приход од донација од ААВМУ | 30,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 90,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **1,012,188,171** | **1,022,500,000** | **979,562,421** | **96.8** | **95.8** | **100.0** |

# 6. РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА

## 6.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ и зголемен ризик на кој се изложени вработените поради новонастанатата состојба во земјата и светот која е предизвикана од ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението, како во претходната 2020 година така и во анализираната 2021 година, освен напорите кои беа преземани за исполнување на основната дејност – производство и емитување на програма во услови на пандемија а со намален основен приход, тековното работење на МРТ беше проследено со постојани напори за справување со последиците од ова вирусно заболување, со постојано преземање на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства. Во ниту еден момент ЈРП МРТ не го намали ниту прекина известувањето на гледачите, не дозоли да се наруши програмската шема ниту пак од било која причина да се наруши исполнувањето на законските обврски кои ги има како јавен радиодифузен сервис а кои се поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за гледачите и слушателите од сите возрасти исполнувајќи ја при тоа улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

Работењето на ЈРП МРТ и исполнувањето на програмските и останатите обврски во анализираната 2021 година беше проследено со тековни расходи во вкупен износ од 985.415.985 денари чије остварување се движеше во рамки на планираните износи на годишно ниво. Од аспект на процентите на реализација сите групи на трошоци се

остварени во рамки на планираните износи со годишниот Финансискиот план и нема некои позначајни отстапки.

## 6.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2020г.** | **Финансиски план 2021г** | **Остварување во 2021г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 439,029,965 | 481,910,000 | 464,771,428 | 105.9 | 96.4 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,992,267 | 7,420,000 | 5,010,822 | 251.5 | 67.5 |
| Заеднички трошоци | 205,627,555 | 171,280,000 | 168,775,956 | 82.1 | 98.5 |
| Програмски права | 238,427,791 | 288,150,000 | 276,517,145 | 116.0 | 96.0 |
| Останати трошоци од работење | 52,643,978 | 68,440,000 | 70,340,634 | 133.6 | 102.8 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **937,721,556** | **1,017,200,000** | **985,415,985** | **105.1** | **96.9** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 1,878,793 | 5,300,000 | 1,877,850 | 99.9 | 35.4 |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,878,793** | **5,300,000** | **1,877,850** | **99.9** | **35.4** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **939,600,349** | **1,022,500,000** | **987,293,835** | **105.1** | **96.6** |

## 6.03 Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 464.771.428 денари или 96,4% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 452.725.428 денари и кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите

права, обврски и одговорности на вработените во МРТ а кои произлегуваат од работниот однос. Тука спаѓаат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои во 2021 година оствариле право на пензија во вкупен износ од 1.303.680 денари, трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 8.834.364 денари, потоа други лични примања или останати надоместоци на вработените остварени во вкупен износ од 1.321.681 денар каде спаѓаат трошоците за помош на вработените исплатени по разни основи (помош во случај на смрт, елементарни непогоди, боледување подолго од 6 месеци и сл.), јубилејни награди за вработените кои оствариле работен стаж во МРТ од 10, 20, 30 или 40 години во износ од 563.277 денари како и трошоците за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.) остварени во износ од 22.998 денари.

Просечната плата по работник во 2021 година изнесува 35.874 денари.

## 6.04 Патни и транспортни трошоци

Состојбата со патувањата во странство за реализирање на програмски цели, во споредба со минатата 2020 година кога сите активности беа запрени, во анализираната 2021 година е подобрена, односно, со намлување на рестриктивните мерки воведени со цел справување со Ковид пандемијата на светско ниво, извршувањето на редовните работни задачи во врска со разни снимања надвор од земјата полека се движеше во насока на нивно нормално и непречено исполнување. Така, во 2021 година беше зголемен обемот на патувања на екипи на МРТ во земјата и странство со што се зголеми и остварувањето кај патните и транспортните трошоци во однос на 2020 година и истото изнесува вкупно 5.010.822 денари.

Во реализираните трошоци за патувања во врска со откуп, снимање и емитување на културна, филмска и останата програма би ги спомнале следните патувања надвор од земјата:

- Белград – подготовки и снимање на задолжителен бекап/резервен спот за евровизискиот настап на македонскиот претставник на избор на песна на Евровизија - Евросонг 2021 година во студиото на РТС, Љубљана – преговори за откуп на права за емитување на програма, Ротердам – учество на Евросонг 2021 година, Турција – снимање на репортажи за ориентот, Белград – денови на влашка култура и слично.

Во функција на реализирање на позначајните програмски активности од областа на спортот во  анализираниот период се остварија следните службени патувања надвор од земјата:

- Романија и Холандија – пренос од фудбалските натпревари кои се одигруваа во првата фаза од Европското првенство во фудбал како и следење и пренос на натпреварите во кои учествуваше македонската фудбалска репрезентација, Финска – пренос од Европско првенство во одбојка.

Во рамки на останатите патувања поврзани со тековното работење на МРТ би ги споменале и следните:

- Софија – потпишување на Меморандум за соработка меѓу МРТ и Бугарската национална телевизија, Косово – следење на предвремени парламентарни избори, Рим – присуство на одбележувањето на денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј, Белград- потпишување на Меморандум за соработка со РТС, Брисел – присуство на Европски самит - Самит на лидери, Приштина – средба со претставници на Радио Приштина, Нови Сад – учество на регионална конференција, Подгорица – учество на меѓународна работилница за проверка на дезинформациите во јавните медиумски сервиси, Белград – учество на регионална работилница на тема Употреба на модерни алатки за мерење на програмата и слично.

Патните трошоци во земјата пак опфаќаат реализирани  патувања за пренос и емитување на разновидни спортски натпревари како фудбал, одбојка, кошарка, ракомет, но и за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на сите програмски сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата. Од реализираните патувања би ги споменале патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, Макфест, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, Струшки вечери на поезијата, фестивал Песна ечи – Струга, филмски есеј – Дојран, прослава во Струга по повод 20 години Рамковен договор, Балкански фестивал, Охридски маратон, Охрид фест- Охридски трубадури, филмски фестивал Браќа Манаки, снимања потребни за емисијата Аграр, одбележување на прославата по повод празникот 11 Октомври и друго.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

## 6.05  Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во 2021 година бележи остварување во вкупен износ од 168.775.956 денари, кое е во рамките на планираниот износ. Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- трошоци за суровини и материјали во кои спаѓаат трошоци за електричен и технички материјал (трошоци за набавка на разни видови резервни делови, електроматеријали, компјутерски резервни делови и сл.) како и материјал за поправка и одржување на опремата во радио и ТВ продукција и во останатите одделенија во МРТ со вкупен остварен износ од 1.759.663 денари,
- трошоци за останати материјали (канцелариски материјал, печатарски услуги, материјал за возен парк и сл.) со остварување во вкупен исност од 685.224 денари,
- трошоци за енергија со вкупен износ на реализација од 25.852.422 денари која е во рамките на планираните средства, а во која спаѓаат потрошената електрична и топлотна енергија, како и потрошеното гориво и мазиво,
- трошоци за набавка на ситен инвентар и авто гуми во износ од 1.978.459 денари,
- трошоците кои опфаќаат фиксна и мобилна телефонија, интернет услуги и поштарина, остварени се во вкупен износ од 3.147.771 денари, што е во рамките на планираните износи за 2021 година,
- за аудио и видео линии (унилатерали, мултилатерали и сл.) кои се неопходни за известување од сите значајни настани од областа на спортот но и преноси од други настани кои се од програмски интерес и во насока на задоволување на очекувањата на гледачите и слушателите на МРТ и кои поради својата природа не е возможно да се предвидат во целост, потрошени се средства во износ од 14.377.290 денари,
- реализација во рамките на планираните износи за 2021 година бележат трошоците за агенциски услуги за обезбедување на објектите во МРТ и трошоците за одржување на хигиена во просториите на МРТ кои се остварени во вкупен износ од 7.842.318 денари,
- трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти (набавка на резервни делови и услуги за одржување на опремата и објектите во насока на непречено одвивање на работните процеси) се реализирани во вкупен износ од 4.330.521 денар,
- за одржување на ВЕБ страната на МРТ реализирани се трошоци во износ од 997.698 денари што исто така е остварување во рамки на планираното за оваа намена,
- комуналните услуги во кои спаѓаат трошоците за вода, ѓубретарина, дератизација и слично остварени се во висина од вкупно 2.665.109 денари и нивната реализација е во рамки на планираните средства,
- трошоци за објава на огласи и конкурси кои се остварени во износ од 931.893 денари бележат зглоемена реализација поради поголемиот обем на објавени огласи за нови вработувања за чие спроведување неколку години наназад се чекаше согласност од страна на државните институции и кое конечно се реализираше кон крајот на 2021 година односно во четвртиот квартал од годината.

- за регистрација на возилата на МРТ остварени се трошоци во износ од 108.087 денари, а за одржување на истите потрошени се средства во износ од 593.899 денари,
- амортизацијата на основните средства е пресметана во износ од 62.450.834 денари, остварување кое произлегува од употребата на набавената опрема поврзана со процесот на дигитализацијата во МРТ како и од тековните набавки на нова опрема потребна за непречено одвивање на процесот на производство и емитување на програмата,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, обезвреднување на нетековни и тековни средства и траен отпис е сметководствена категорија која се искажува на крајот на годината и која за 2021 година изнесува 1.141.236 денари, а реализацијата произлегува од траен отпис на ненаплатени побарувања од купувачи од земјата и странство, обезвреднување на побарувања од поврзани субјекти во земјата и слично,
- трошоците за промоција и репрезентација се реализирани во износ од 395.248 денари,
- трошоците за осигурување на имот и возила на МРТ (осигурување на новонабавената и постоечката опрема, возила, патнички осигурувања и сл.) се остварени во вкупен износ од 645.572 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 545.631 денар и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 6.214.026 денари кое пред се произлегува од договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка,
- за надоместоци на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет евидентирано е остварување во износ од 8.177.306 денари кое се пресметува и исплатува согласно Законот за ААВМУ,
- дополнително утврдените расходи, остварени се во износ од 13.502.005 денари. Износот на реализација произлегува од пристигнатите фактури во текот на 2021 година а кои опфаќаат трошоци од минат период и тоа по основ на расходи по фактури од земјата и странство од претходни години, дополнително утврдени расходи од претходни години по основ на трошоци за спорови, административни и судски такси, судски пресуди и друго,

- камати од работење и затезни камати е ставка која во анализираната 2021 година бележи вкупна реализација од 5.632.229 денари и истата произлегува од пресметани камати по основ на кредити или склучени спогодби за плаќање на долговите на рати, камати по основ на јавни давачки и слично,
- ставката негативни курсни разлики е остварена во износ од 3.118.194 денари, а за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра која е надвор од постапка за јавна набавка остварени се трошоци во износ од 426.375 во делот на директни трошоци и 143.653 денари во делот на инвестиции.

### 6.06 Програмски права

Како што претходно беше спомнато, во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ и зголемен ризик на кој беа и сеуште се изложени вработените поради состојбата предизвикана од ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението во земјата и светот и со сите напори за справување со последиците од ова вирусно заболување а згора на тоа и со намалени приходи на основна дејност, тековното работење на МРТ во 2021 година не беше ниту сопрено ниту намалено. Напротив, на програмски план, со производство на сопствена програма, копродукциски проекти како и со откуп на готови програмски проекти или лиценци за емитување на значајни настани, вработените во институцијата успешно се справија со сите ризици и успеаја да ја одржат програмската шема на едно завидно ниво. Во таа насока, реализираните трошоци во делот на групата на Програмски права во 2021 година остварени се во вкупен износ од 276.517.145 денари или 96,0% во однос на планираниот износ а беа наменети за следните ставки:

- откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како СЕХА Лига – ракомет, ЕХФ Лига на шампиони – ракомет, алпско и нордиско скијање, уметничко лизгање, партиципации за пренос на УЕФА ЕУРО 2020 (2021), потоа за фудбалски натпревари како Македонски фудбалски куп – Македонска фудбалска лига, пренос на ЛОИ - Летните олимписки игри 2020 година кои поради состојбата во светот предизвикана со корона вирусот Covid-19 се одржаа во 2021 година, потоа права за пренос на натпреварите од Европското првенство во одбојка 2021 година, како и емитување на разновидни спортски нтпревари кои се одигрworld на територијата на РСМ, фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 104.720.174 денари,
- ставката останати програмски права е реализирана во износ од 49.582.616 денари и таа опфаќа трошоци за координација на радио вести и радио спорт, потоа фактурирана реализација за емитувана програма на сите ТВ програмски сервиси која опфаќа откуп на права за емитување на Виенски концерт, лиценцирани вести од

интернет, откуп на права за емитување на емисии од разни области и жанрови (информативни, едукативни, детски, документарни и сл.) меѓу кои се Албанците во скандинавските земји, Агенда 35, ТВ проект Приказна, ТВ проект О Са Мире, Џентлмен магазин, 7 минути здравје, забавна ТВ програма со наслов 20 секунди, ТВ проект Студио 3, Тв проект Заеднички поглед кон Европа, документарен филм за Турците во Македонија и слично,

- трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 104.789.564 денари и опфаќаат фактурирана реализација по договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на ТВ проекти од областа на музиката, културата, образованието, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии на македонски и албански јазик како што се 5+ Фамилија на македонски и албански јазик, ТВ серија Преспав, ТВ проект Објектив, ТВ проекти за деца какви што се Дајте музика, Бумеранг и Атрс Црафтс, отворена програма за ЕП во фудбал, Народни приказни на албански јазик, ТВ проект Жиле (Т),
- трошоците во износ од 14.731.490 денари се однесуваат на откуп на права за филмови, серии и документарни емисии од најразлични жанрови како и за откуп на детски анимирани серии.

## 6.07 Останати трошоци од работење

Групата Останати трошоци од работење е остварена во вкупен износ од 70.340.634 денари и во рамките на оваа група спаѓаат следните видови на трошоци:

- трошоци за авторски договори преку авторска агенција кои се реализирани во износ од 21.422.301 денар и истите опфаќаат договори склучени со надворешни соработници за надополнување на големиот недостиг од кадар во голем дел од редакциите и програмските сервиси во МРТ, како и авторски договори за синхронизирање на цртани филмови и играни серии на македонски јазик и јазиците на националностите,
- за технички услуги остварени се трошоци во износ од 10.318.483 денари, кои се однесуваат на трошоци за коментаторски позиции за сите спортски натпревари, унилатерали, ISDN линии, технички трошоци за сигнали во живо и слично и истите многу е тешко однапред да се предвидат со точност бидејќи во најголем број од случаите се пресметуваат за секој настан поединечно и најчесто по неговото зршување, но при емитување на спортските настани овие трошоци се неопходни и мора да се реализираат,

- трошоците реализирани во врска со организацијата на македонските тимови за учество и претставување на РСМ на Евросонг 2021 и јуниорски Евросонг 2021 година изнесуваат 3.057.077 денари,
- за ревизија на финансиските извештаи реализирани се трошоци во износ од 295.000 денари, додека пак трошоците за набавка на сценски материјали и опремување на сцената изнесуваат 899.274 денари.
- трошоците кои произлегуваат од членувањето на МРТ во меѓународните радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично изнесуваат 13.217.944 денари, потоа трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 13.215.137 денари како и трошоците во износ од 4.319.384 денари кои согласно Законот за филмска дејност, МРТ е должна да и ги исплати на Агенцијата за филм на РСМ,
- трошоците за добивање услуги за пренос на програма на МРТ САТ 1 и 2 преку сателит во износ од 2.163.828 денари.

## 7. ИНВЕСТИЦИИ

### 7.01 Инвестиции во опрема

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема, во анализиранатa 2021 година фактурираната реализација изнесува 1.877.850 денари. Во рамки на овој износ набавена е камера за репортажно возило на МТВ и коментаторски кабини потребни за спортската редакција на МТВ а во врска со реализација на преноси од фудбалските натпревари кои беа одржани во рамки на Европското првенство – FIFA EURO 2020-2021 година. Оваа опрема е набавена во делот на законски определениот износ до 1.000 евра на месечно ниво (надвор од постапка за јавна набавка) но сметководствено е евидентирана во делот на Инвестиции во опрема. Во рамки на оваа група на трошоци исто набавени се и уред за реактивна енергија како и видео опрема за ТВ техника.

## 8. АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2021 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2020г. | Финансиски план 2021г | Остварување во 2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 424,806,761 | 468,000,000 | 452,725,428 | 106.6 | 96.7 |
| Отпремнина за одење во пензија | 2,480,414 | 1,900,000 | 1,303,680 | 52.6 | 68.6 |
| Регрес за годишен одмор | 9,191,728 | 9,400,000 | 8,834,364 | 96.1 | 94.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт,подолго боледување и сл.) | 714,395 | 950,000 | 1,321,681 | 185.0 | 139.1 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,670,647 | 750,000 | 563,277 | 33.7 | 75.1 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 610,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 166,020 | 300,000 | 22,998 | 13.9 | 7.7 |
| **Вкупно 1** | **439,029,965** | **481,910,000** | **464,771,428** | **105.9** | **96.4** |
| **Патни трошоци и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 996,852 | 1,850,000 | 1,790,206 | 179.6 | 96.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 366,738 | 3,000,000 | 2,087,830 | 569.3 | 69.6 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 1,320 | 0.0 | 1.3 |

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2020г. | Финансиски план 2021г | Остварување во 2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Превоз за службени патувања во странство | 58,166 | 1,400,000 | 248,040 | 426.4 | 17.7 |
| Сопствено возило за службени потреби | 293,403 | 270,000 | 281,200 | 95.8 | 104.1 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 127,270 | 200,000 | 175,710 | 138.1 | 87.9 |
| **Вкупно 2** | **1,842,429** | **6,820,000** | **4,584,306** | **248.8** | **67.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз и останати транспортни услуги | 149,838 | 350,000 | 426,516 | 284.7 | 121.9 |
| Услуги за организиран превоз на вработени | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **149,838** | **600,000** | **426,516** | **284.7** | **71.1** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,992,267** | **7,420,000** | **5,010,822** | **251.5** | **67.5** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 1,429,250 | 1,200,000 | 629,424 | 44.0 | 52.5 |
| Технички материјал | 1,405,934 | 1,000,000 | 932,922 | 66.4 | 93.3 |
| Материјал за кулиси и декор | 224,595 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 734,303 | 800,000 | 197,317 | 26.9 | 24.7 |
| **Вкупно 4** | **3,794,082** | **3,000,000** | **1,759,663** | **46.4** | **58.7** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,222,273 | 1,450,000 | 629,366 | 51.5 | 43.4 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 289,818 | 300,000 | 55,858 | 19.3 | 18.6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 5** | **1,512,091** | **1,750,000** | **685,224** | **45.3** | **39.2** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 15,778,726 | 20,000,000 | 13,765,572 | 87.2 | 68.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 9,080,768 | 11,500,000 | 9,926,577 | 109.3 | 86.3 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 1,617,416 | 3,000,000 | 2,160,273 | 133.6 | 72.0 |
| **Вкупно 6** | **26,476,910** | **34,500,000** | **25,852,422** | **97.6** | **74.9** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 882,870 | 2,600,000 | 1,978,459 | 224.1 | 76.1 |
| **Вкупно 7** | **882,870** | **2,600,000** | **1,978,459** | **224.1** | **76.1** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-дирекни | 346,049 | 600,000 | 339,415 | 98.1 | 56.6 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 1,792,940 | 2,200,000 | 1,939,306 | 108.2 | 88.2 |
| Трошоци за интернет | 302,310 | 800,000 | 735,366 | 243.2 | 91.9 |
| Поштарина | 139,837 | 150,000 | 133,684 | 95.6 | 89.1 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 5,775,523 | 10,000,000 | 14,377,290 | 248.9 | 143.8 |
| **Вкупно 8** | **8,356,659** | **13,750,000** | **17,525,061** | **209.7** | **127.5** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 4,716,892 | 4,500,000 | 4,555,568 | 96.6 | 101.2 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 2,405,120 | 5,000,000 | 3,539,394 | 147.2 | 70.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 6,019,239 | 4,000,000 | 791,127 | 13.1 | 19.8 |

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2020г. | Финансиски план 2021г | Остварување во 2021г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Одржување на возила | 978,519 | 2,500,000 | 593,899 | 60.7 | 23.8 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 82,927 | 150,000 | 35,827 | 43.2 | 23.9 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 995,011 | 1,000,000 | 997,698 | 100.3 | 99.8 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,016,688 | 3,700,000 | 3,286,750 | 109.0 | 88.8 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 843,622 | 1,000,000 | 51,900 | 6.2 | 5.2 |
| **Вкупно 9** | **19,058,018** | **21,850,000** | **13,852,163** | **72.7** | **63.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,735 | 40,000 | 3,265 | 188.2 | 8.2 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 155,000 | 300,000 | 233,100 | 150.4 | 77.7 |
| Трошоци за ѓубретарина | 830,721 | 950,000 | 827,256 | 99.6 | 87.1 |
| Трошоци за вода | 3,368,673 | 3,300,000 | 1,601,488 | 47.5 | 48.5 |
| **Вкупно 10** | **4,356,129** | **4,590,000** | **2,665,109** | **61.2** | **58.1** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 137,822 | 400,000 | 931,893 | 676.2 | 233.0 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 111,766 | 250,000 | 108,087 | 96.7 | 43.2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 14,136 | 100,000 | 7,273 | 51.5 | 7.3 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **263,724** | **1,200,000** | **1,047,253** | **397.1** | **87.3** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 65,934,194 | 63,000,000 | 62,450,834 | 94.7 | 99.1 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 30,858,522 | 400,000 | 354,911 | 1.2 | 88.7 |
| **Вкупно 12** | **96,792,716** | **63,400,000** | **62,805,745** | **64.9** | **99.1** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства, отпис на побарувања од купувачите, отпис на побарувања од РДТ | 6,048,934 | 1,000,000 | 1,141,236 | 18.9 | 114.1 |
| **Вкупно 13** | **6,048,934** | **1,000,000** | **1,141,236** | **18.9** | **114.1** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 49,792 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 280,162 | 500,000 | 395,248 | 141.1 | 79.0 |
| **Вкупно 14** | **329,954** | **500,000** | **395,248** | **119.8** | **79.0** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 703,104 | 1,700,000 | 645,572 | 91.8 | 38.0 |
| **Вкупно 15** | **703,104** | **1,700,000** | **645,572** | **91.8** | **38.0** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 390,736 | 600,000 | 545,631 | 139.6 | 90.9 |
| **Вкупно 16** | **390,736** | **610,000** | **545,631** | **139.6** | **89.4** |

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2020г.** | **Финансиски план 2021г** | **Остварување во 2021г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 80,300 | 100,000 | 56,000 | 69.7 | 56.0 |
| **Вкупно 17** | **80,300** | **100,000** | **56,000** | **69.7** | **56.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 6,281,518 | 9,000,000 | 8,177,306 | 130.2 | 90.9 |
| **Вкупно 18** | **6,281,518** | **9,000,000** | **8,177,306** | **130.2** | **90.9** |
| ***19)Даноци,судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 3,698,411 | 3,650,000 | 6,214,026 | 168.0 | 170.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 234,956 | 400,000 | 253,661 | 108.0 | 63.4 |
| **Вкупно 19** | **3,933,367** | **4,050,000** | **6,467,687** | **164.4** | **159.7** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 221,400 | 400,000 | 497,374 | 224.6 | 124.3 |
| **Вкупно 20** | **221,400** | **400,000** | **497,374** | **224.6** | **124.3** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 15,874,354 | 1,400,000 | 13,502,005 | 85.1 | 964.4 |
| **Вкупно 21** | **15,874,354** | **1,400,000** | **13,502,005** | **85.1** | **964.4** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,164,590 | 4,000,000 | 5,632,229 | 109.1 | 140.8 |
| **Вкупно 22** | **5,164,590** | **4,000,000** | **5,632,229** | **109.1** | **140.8** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 5,005,183 | 1,000,000 | 3,118,194 | 62.3 | 311.8 |
| **Вкупно 23** | **5,005,183** | **1,000,000** | **3,118,194** | 62.3 | 311.8 |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | 100,916 | 880,000 | 426,375 | 422.5 | 48.5 |
| **Вкупно 24** | **100,916** | **880,000** | **426,375** | 422.5 | 48.5 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **205,627,555** | **171,280,000** | **168,775,956** | **82.1** | **98.5** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 20,312,791 | 15,000,000 | 14,731,490 | 72.5 | 98.2 |
| Останати програмски права | 92,320,477 | 52,000,000 | 49,582,616 | 53.7 | 95.4 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,350,000 | 2,329,418 | 0.0 | 99.1 |
| Надомест за фестивали | 92,542 | 500,000 | 363,883 | 393.2 | 72.8 |
| Права за спортски настани | 20,573,287 | 95,300,000 | 104,720,174 | 509.0 | 109.9 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 13,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 105,128,694 | 110,000,000 | 104,789,564 | 99.7 | 95.3 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **238,427,791** | **288,150,000** | **276,517,145** | **116.0** | **96.0** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 180,131 | 500,000 | 770,903 | 428.0 | 154.2 |
| **Вкупно 26** | **180,131** | **500,000** | **770,903** | **428.0** | **154.2** |
| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2020г.** | **Финансиски план 2021г** | **Остварување во 2021г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 331,754 | 600,000 | 387,560 | 116.8 | 64.6 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 899,514 | 1,000,000 | 295,000 | 32.8 | 29.5 |
| Услуги за вештачење | 9,440 | 100,000 | 9,440 | 100.0 | 9.4 |
| Технички услуги | 2,316,230 | 5,000,000 | 10,318,483 | 445.5 | 206.4 |
| Трошоци за опремување сцена | 1,981,386 | 1,500,000 | 899,274 | 45.4 | 60.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 5,553,157 | 1,700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Агенциски услуги во земјата-информативни | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Авторски договори-авторска агенција | 15,637,992 | 22,000,000 | 21,422,301 | 137.0 | 97.4 |
| Трошоци за проект Евровизија | 2,090,129 | 3,750,000 | 3,057,077 | 146.3 | 81.5 |
| Трошоци за судски извршители | 18,293 | 200,000 | 15,353 | 83.9 | 7.7 |
| Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент | 0 | 3,130,000 | 2,163,828 | 0.0 | 69.1 |
| **Вкупно 27** | **28,837,895** | **39,030,000** | **38,568,316** | **133.7** | **98.8** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,951,605 | 10,000,000 | 13,217,944 | 132.8 | 132.2 |
| Котизации и акредитации | 0 | 200,000 | 61,495 | 0.0 | 30.7 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 13,251,833 | 14,500,000 | 13,215,137 | 99.7 | 91.1 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,000,000 | 4,319,384 | 0.0 | 108.0 |
| **Вкупно 28** | **23,203,438** | **28,700,000** | **30,813,960** | **132.8** | **107.4** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 422,514 | 210,000 | 187,455 | 44.4 | 89.3 |
| **Вкупно 29** | **422,514** | **210,000** | **187,455** | **44.4** | **89.3** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **52,643,978** | **68,440,000** | **70,340,634** | **133.6** | **102.8** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **937,721,556** | **1,017,200,000** | **985,415,985** | **105.1** | **96.9** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема | 1,878,793 | 5,300,000 | 1,877,850 | 99.9 | 35.4 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,878,793** | **5,300,000** | **1,877,850** | **99.9** | **35.4** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **939,600,349** | **1,022,500,000** | **987,293,835** | **105.1** | **96.6** |

## 9. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2021 ГОДИНА

Во анализираната 2021 година Македонската радио телевизија оствари вкупен приход по сите основи во износ од 979.562.421 денар. Во истата календарска година остварени се расходи во износ од 985.415.985 денари. Оттука произлегува дека во своето работење во 2021 година МРТ има остварено негативен финансиски резултат кој по оданочувањето на непризнатите расходи изнесува 6.736.036 денари. **Значајно е да се напомене дека ваквиот финансиски резултат произлегува единствено поради неисплатувањето на средствата, односно поради намалениот износ на приход кој МРТ го добиваше од**

**државата по основ на финансирање на радиодифузна дејност а кој како таков, воопшто не кореспондира со одредбите во Законот за ААВМУ и чие континуирано намалување, како што повеќепати и јавно е нагласено од страна на МРТ, има крајно негативно влијание, односно го отежнува севкупното тековно работење и ја доведува во прашање нејзината ликвидност. Имено, како што беше и погоре спомнато, по укинувањето на радиодифузната такса, од страна на државните институции на годишно ниво на ЈРП МРТ и се кратат по околу 10 милиони евра средства кои доколку ги добиеше, наместо да работи во отежнати услови, со сигурност ќе придонесеа за значително подобрување на севкупното работење, спроведување на сите позначајни инвестиции и тековни активности и секако што е наважно остварениот финансискиот резултат во услови работење со реално и законски добиени финансиски средства во 2021 година ќе беше позитивен.**

## 9.01 ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2021 ГОДИНА

| ОПИС | Остварување во 2020г. | | Финансиски план 2021г | | Остварување во 2021г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **1,012,188,171** | **100.0** | **1,022,500,000** | **100.0** | **979,562,421** | **100.0** | **96.8** | **95.8** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **937,721,556** | **92.6** | **1,017,200,000** | **99.5** | **985,415,985** | **100.6** | **105.1** | **96.9** |
| Трошоци за вработени | 439,029,965 | 43.4 | 481,910,000 | 47.1 | 464,771,428 | 47.4 | 105.9 | 96.4 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,992,267 | 0.2 | 7,420,000 | 0.7 | 5,010,822 | 0.5 | 251.5 | 67.5 |
| Заеднички трошоци | 205,627,555 | 20.3 | 171,280,000 | 16.8 | 168,775,956 | 17.2 | 82.1 | 98.5 |
| Програмски права | 238,427,791 | 23.6 | 288,150,000 | 28.2 | 276,517,145 | 28.2 | 116.0 | 96.0 |
| Останати трошоци од работење | 52,643,978 | 5.2 | 68,440,000 | 6.7 | 70,340,634 | 7.2 | 133.6 | 102.8 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ** | **74,466,615** | | | | **-5,853,564** | | | |
| Данок на добивка | **8,717,701** | | | | | | | |
| Добивка по оданочување | **65,748,914** | | | | | | | |
| Непризнати расходи согласно Закон за ДД | | | | | **14,678,281** | | | |
| Даночна основа по намалување на финансиски резултат | | | | | **8,824,717** | | | |
| Данок на Непризнати расходи | | | | | **882,472** | | | |
| Загуба по оданочување | | | | | **-6,736,036** | | | |

## 10. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ

**Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2021 година изнесува:**

| | |
|---|---|
| • Комерцијална банка | 1,463,922.00 ден. |
| • Халк банка | 1,027,986.00 ден. |
| • Стопанска банка | 66,428.00 ден. |
| • Тутунска банка | 3,368.00 ден. |
| • Шпаркасе банка | 57,025.00 ден. |
| • Алфа банка ( СИЛК Роад) | 5,796.00 ден. |
| • Прокредит банка | 3,430,604.00 ден. |
| *Вкупно на сметки :* | **6,055,129 ден**. |

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2021 година изнесува:**

| | | |
|---|---|---|
| • Стопанска банка | 135 | УСД |
| • Комерцијална банка | 71 | ЕУР |
| | 2.388 | АУД |
| | 109 | ДКК |
| • Прокредит банка | 2.757 | ЕУР |

## 11. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2021 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ**
**ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2021 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,091,011,246 | 2,078,330,531 | 99.4 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 40,245,762 | 41,083,080 | 102.1 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,120,795,925 | -2,106,382,784 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **10,461,083** | **13,030,827** | **124.6** |

## 11.01 Побарувања од купувачите во земјата

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат вкупно 11.591.579 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,042,627,644 | 2,037,439,870 | 99.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 48,383,602 | 40,890,661 | 84.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,066,738,952 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **11,591,579** | **129.9** |

Побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,033,405,711 | 2,025,159,414 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,189,493 | 8,082,137 | 130.6 |
| - радио и телевизиски услуги | 0 | 113,627 | 0,0 |
| - закуп на основни средства | 118,182 | 103,720 | 87.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 2,507,304 | 3,574,018 | 142.5 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 48,383,602 | 40,890,661 | 84.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,090,327 | -2,066,738,952 | 99.3 |
| **Вкупно:** | **8,920,919** | **11,591,579** | **129.9** |

## 11.02 Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2021 година изнесуваат вкупно 1.439.248 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,081,464 | 36,011,931 | 102.7 |
| - ТВ услуги | 541,822 | 541,233 | 99.9 |
| - технички услуги | 2,819,706 | 2,816,646 | 99.9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - побарувања од закупнини | 16,841 | 16,822 | 99.9 |
| - отстапени права | 1,387,989 | 1,093,692 | 78.8 |
| - фестивали во странство | 124,843 | 316,951 | 253.9 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 273,097 | 285,805 | 104.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -38,705,598 | -39,643,832 | 102.4 |
| **Вкупно:** | **1,540,164** | **1,439,248** | **93.4** |

## 12. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ

| ОПИС | состојба на 31.12.2020 год. | состојба на 31.12.2021 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **524,694,272** | **384,053,871** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 59,837,774 | 104,195,178 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 12,120,233 | 21,561,202 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 78,723 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 141,817,920 | 37,459,332 |
| Обврски спрема вработените | 37,025,731 | 26,612,577 |
| Обврски за авторски договори | 1,132,789 | 9,627 |
| Краткорочни обврски МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 157,860,262 | 151,352,374 |
| Останати краткорочни обврски | 1,096,399 | 673,711 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 13,996,970 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг, ММИ, УЈП) | 100,804,161 | 28,192,900 |
| **Долгорочни обврски** | **173,019,640** | **192,177,436** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 11,516,235 | 8,375,445 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | | 35,218,866 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 161,503,405 | 148,583,125 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **697,713,912** | **576,231,307** |

Вкупните обврски на 31.12.2021 година изнесуваат 576.231.307 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2021 година се намалени за 121.482.605 денари. И покрај тоа што средствата за финансирање на радиодифузна дејност континуирано се намалуваат и крајно е тешко да се одржи тековното работење, сепак се прават максимални напори и се настојува колку што е можно навремено да се сервисираат обврските.

Скопје, Март 2022 година